Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 15.05.2023

Денеска (15.05.2023) во 10.45 часот на ул.„Индира Ганди" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода М.К.(22) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна од една година за сторено кривично дело „насилство" по член 386 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 14.05.2023 во 22.30 часот на подрачје на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода В.Ц.(26) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.05.2023 во 00.20 часот на подрачје на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Б.Н.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.05.2023 во 15.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го привеле А.Д.(36) од Косово, затоа што по извршена проверка било констатирано дека патничкото возило „бмв" со белгиска национална ознака, кое го управувал, било предмет на барање од Секторот за меѓународна полициска соработка - Интерпол. Лицето и возилото биле предадени на полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Чаир за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (14.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 640 возачи. Од нив 51 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а седум возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 320 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 320 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (14.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 138 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 56 санкција, 17 мерки за возење без возачка дозвола, 10 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за некористење сигурносен појас, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Вчера (14.05.2023) во периодот од 16.00 до 22.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 97 возачи од кои (31-Прилеп, 19-Битола, 28 Ресен, 6-Демир Хисар, 13-Македонски Брод). Од вкупно 97 возачи, 58 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 38 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 14.05.2023 во периодот од 16.00 до 22.00 часот, Секторот за внатрешни работи Тетово спроведе акциска контрола за санкционирање на возила кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле откриени и санкционирани 70 возачи кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-32 и ГВ-38). Три од нив (ТВ) пречекориле за повеќе од 70 километри на час, 29 (ТЕ-13 и ГВ-16) од 50 до 70 километри на час, итн. При контролата, исто така, санкционирано е и 31 возило (ТЕ) кое ја пречекорило пропишаната брзина во населено место, како и 2 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци. На сите возачи прекршители изготвени им се законски предвидените поднесоци и зависно од тоа за колку пречекориле ќе се соочат со парични глоби, кои за овој вид прекршок се движат од 20 до 400 евра во денарска противвредност. За екстремно брзите предвидено е и времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година.

На 14.05.2022 во периодот од 16.00 до 22.00 часот на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 81 пречекорување на брзината, од кои 43 на подрачје на Радовиш, 18 на подрачје на Струмица, 12 на подрачје на Гевгелија и 8 на подрачје на Валандово. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 14.05.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 55 прекршоци, од кои 32 надвор од населено место и 23 во населено место. На 13/14.05.2023 во периодот од 22.00 до 04.00 часот била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, биле санкционирани 22 возачи. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци, од кои, 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 2 за нерегистрирано возило, 1 за некористење сигурносен појас и 1 за непропишано паркирање.

На 14.05.2023 во 14.45 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на регионалниот пат Маврово – Гостивар, во близина на Мавровска крстосница, патничко возило „фолксваген поло" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ј.Ј.(64) во с.Беловиште, излетало надвор од коловозот. Во несреќата, сопатничката во возилото, Б.Ј.(66) од Гостивар, се здобила со тешки телесни повреди, а сопатничката Е.Н.(67) од Гостивар со телесни повреди, констатирани во Ургентен центар Гостивар. По насока на Јавен обвинител, увид на местото на несреќата извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

На 14.05.2023 во 20,30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„ВМРО" во Скопје, патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Х.(34) од Скопје, удрило во С.П.(33) од Словачка. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот С.П., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.05.2023 во Полициската станица Велес, Г.П.(24) од Прилеп пријавила дека ул. „Благој Ѓорев" во Велес била касната од куче скитник.

На 14.05.2023 во 16.50 часот во Полициската станица Карпош, В.А.(25) од Скопје пријавила дека на подрачје на Карпош била касната од куче скитник.

Денеска (15.05.2023) околу 10.45 часот во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 52-годишниот Х.А. од тетовска Голема Речица. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на казна затвор од две години и шест месеци за сторени кривични дела по член 297 и член 300 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

Денеска (15.05.2023) во 12.15 часот во близина на Неготино, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово го лишиле од слобода М.Н.(30) од Република Србија. При контрола во патничко возило „форд мондео" со српски национални ознаки, кое го управувал, биле пронајдени шест лица мигранти од Сирија. За настанот бил известен јавен обвинител, а мигрантите биле сместени во прифатно-транзитен центар. По целосно документирање на случајот против М.Н. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција – Скопје поднесе кривична пријава против полициските службеници А.В. и Н.С., вработени во Полициската станица за граничен надзор Кафасан, поради постоење основи на сомневање дека првопријавениот сторил кривично дело „примање поткуп" по член 357 став 1, додека второпријавениот сторил кривично дело „несовесно работење во службата" по член 353-В став 1, и двете од Кривичниот законик. Имено, првопријавениот на 13.05.2023 на Граничниот премин Кафасан од возач кој управувал автобус со црногорски национални ознаки, за кој не поседувал важечки зелен картон, побарал и примил поткуп во паричен износ од 70 евра, додека второпријавениот, го пропуштил возилото без важечки зелен картон и му овозможил непречено да оствари влез на територијата на Република Северна Македонија. По преземени мерки и активности за целосно расчистување и документирање на кривично-правниот настан, во координација со надлежен јавен обвинител, полициските службеници се лишени од слобода и изведени пред судија на претходна постапка, од чија страна им е одредена мерка притвор во траење од 30 дена. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како овластен предлагач, ќе покрене постапка и за утврдување на дисциплинска одговорност, а полициските службеници ќе бидат суспендирани од работа до завршување на дисциплинската постапка.

На 14.05.2023 околу 13.40 часот, полициски службеници на СВР Тетово ги привеле Ф.К.(47) од Република Косово и Р.Г.(32) од Република Албанија, поради сомнение дека го злоупотребиле туристичкиот престо, односно дека престојувале спротивно на целта. Тие биле затекнати додека изведуваат градежни работи во објект во изградба покрај патот за тетовско Фалише. Двајцата странски државјани се задржани во Полициска станица Тетово за натамошна постапка.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 166 возачи. Од нив 120 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 28 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 15 за управување возило без возачка дозвола и 3 за нерегистрирано возило.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.М.(26) и Н.А.(53), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". На 18.03.2023, пријавените ја скинале оградата на главниот транспортен систем во РЕК Битола и одзеле предмети во вредност од 1.268.068 денари.

На 15.05.2023 во 01.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, Н.Ш.(39) од Скопје пријавила дека околу 01.00 часот во нејзиниот дом, по претходна расправија, била физички нападната од И.Р.(33) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против С.Ј.(66) село Стар Истевник, делчевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрсувачки материи". Во ноември 2022 година, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле ловечка пушка „Застава" калибар 12мм, која ја поседувал без дозвола.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Р.(46) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 30.03.2023 на улица ,,Илинденска" во Тетово, пријавениот физички го нападнал Б.С. од село Добарце, општина Желино, нанесувајќи му тешки телесни повреди.

На 14.05.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека на подрачје на населба Злокуќани, општина Карпош, поради претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.С.(41), М.С.(41) и двајца малолетници, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.А.(54) од село Добридол, општина Врапчиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 22.11.2022 во Тетово, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца издадена од надлежен орган.

На 14.05.2023 во 09.20 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Благоја Стефковски" две лица со закана одзеле пари од вработениот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.С.(63) од село Ѓурѓевиште, општина Врапчиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 22.03.2023 на регионалниот пат Тетово-Пирок, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца издадена од надлежен орган.